**Известување за концентрацијасо којаГрупација Арицома а.с.,Република Чешкаќе стекне контрола надСабрис с.р.о.,Словачка**
**(предмет бр. 08-32/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација сокоја Групација Арицома а.с., соседиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка,во целосна контрола на ККЦГГрупацијата има намера да стекне целосна контрола врз Сабрис с.р.о., со седиште на Приевозска 4Б,Јинонице, 821 09 Братислава, Словачка.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Групација Арицома а.с**. е холдингкомпанија која управува со удели во своите ќерки компании - особено **AutocontAEC a.s..** и **Sabris Consulting** s.r.o **Autocont** се фокусира на имплементација напроекти на големи претпријатија и големи клиенти, имплементација и поддршка наделовните информациски системи на Microsoft Dynamics и обезбедува ИТинфраструктура, корпоративни апликации, поддршка за деловни процеси, грижа закорисници и ИТ безбедност. **AEC a.s.** обезбедува безбедносни технологии,безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги заGDPR/усогласеност.
**Sabris Consulting s.r.o** е активен во имплементација на SAP иуслуги за одржување на SAP.
**Групација Арицома а.с** припаѓа на ККЦГ Групацијата.

**ККЦГ Групацијата** инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии иигри на среќа, енергетика, недвижности, и информатички технологии и е активнав 33 држави во светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот заработење со терминали за видео лотарија и информатички технологии прекуследните друштва:

• Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИАИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност -дејности на коцкање и обложување;

• Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија наРепублика Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетнадејности на коцкање и обложување;

• Сеавус ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност – компјутерскопрограмирање; и

• Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност -друго образование неспомнато на друго место.

Според подносителот на известувањето релевантниот пазар за оценка на концентрацијата е пазарот на услуги од информатичкатехнологија („ИТ“) во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**14.02.2023 година**
**Скопје**